MAKEDONSKA RADIO TELEVIZIJA
Bul. Goce Del~ev bb 1000 Skopje, Tel. 55 11 798, Faks. +55 14 474
www.mrt.com.mk

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 02-2826/1
19-05-2026 20 год
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛА
# ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИК И КОМПОЗИЦИЈА
# ЗА ЈУНИОРСКИ ЕВРОСОНГ 2026

## Општи критериуми за учество на Јуниорски Евросонг 2026

Критериумите за учество на Јуниорски Евросонг 2026 ги определува секој радиодифузер носител на лиценцата. Критериумите за Избор на претставник и песна за Јуниорски Евросонг 2026 за РСМ ги определува ЈРП МРТ. Општите Правила за учество се во согласност со Правилата на Европската радиодифузна унија (ЕБУ).

## Критериуми за учество на повик за аудиција на вокален интерпретатор

МРТ објавува повик за аудиција на вокален/ни интерпретатор/и за Јуниорски Евросонг 2026. Пријавените кандидати треба да се на возраст помеѓу 9 и 14 години на денот на финалната манифестација 24 октомври 2026 година во Валета, Малта. Кандидатите, апликациите ги поднесуваат на електронската адреса:
jescmk@mrt.com.mk Сите кандидати треба да се државјани на Република Северна Македонија или да имаат регулиран престој во Република Северна Македонија. Пријавата треба да ги содржи основните податоци:
- Име и презиме
- Датум и место на раѓање
- Email адреса и контакт телефон на еден родител/старател
- Две инструментални матрици ( wav формат )

Учесниците на аудицијата треба да исполнат две композиции по сопствен избор на инструментална матрица. Учесниците се обврзани да донесат со себе технички исправен носач на звук – УСБ - на кое ќе ги има двете инструментални матрици ( wav формат ), исто така комисијата го задржува правото да побара од кандидатите да отпеат и дел од некоја друга композиција.

Пријавувањето за аудиција е отворено од денот на објавување заклучно со 29.05.2026 година, а аудицијата ќе се одржи на 01.06.2026 година со почеток од 10:00 часот во студијата на МРТ.

**Начин на избор на претставник на МРТ на Јуниорски Евросонг 2026**

Македонската Радио Телевизија, како носител на лиценцата за Јуниорски Евросонг, ќе формира стручна комисија составена од професионалци од областа на музиката, телевизиската продукција и сценскиот настап, која ќе има задача да изврши избор на претставник/ци што ќе ја претставува/аат Република Северна Македонија на Јуниорски Евросонг 2026.

Комисијата ги преслушува сите кандидати пријавени на аудицијата без исклучок и ги оценува нивните гласовни можности и сценски настап по што врши избор на кандидат (кандидати) за претставник на МРТ на Јуниорски Евросонг 2026. По потреба комисијата може да изврши и потесен избор, а потоа да изврши конечен избор. За својата одлука го информира менаџерскиот тим на МРТ.

Одлуката на комисијата за изборот станува конечна со потпишување на согласноста на еден од родителите на избраниот кандидат за прифаќање на одлуката за избор на претставник на Јуниорски Евросонг 2026.

**Критериуми за избор на композиција**

Македонската Радио Телевизија објавува Конкурс за избор на композиција која ќе ја претставува Република Северна Македонија на Јуниорскиот Евросонг 2026, што оваа година ќе се одржи на 24 октомври 2026 година во Валета, Малта.

На конкурсот можат да учествуваат домашни автори, композитори, продуценти, со оригинални необјавени композиции создадени согласно правилата на Јуниорскиот Евросонг 2026

Композициите треба да ги исполнуваат следните услови:

Согласно правилата на Европската радиодифузна унија (EBU) да бидат оригинални и необјавени

Да не се јавно изведени или објавени пред официјалниот датум утврден со правилата на Европската радиодифузна унија (EBU)
Времетраењето на композицијата да не надминува 3 минути, а да не е пократко од 2.30 минути.
Главниот вокал да биде изведен од дете/деца на возраст согласно правилата на Јуниорски Евросонг 2026

Композицијата треба да биде современа, оригинална и со јасен потенцијал за сценска и телевизиска изведба, но пред сè да биде соодветна за детски фестивал и детски изведувач. Потребно е особено внимание да се посвети на содржината на текстот, пораката и целокупниот сензибилитет на песната, имајќи предвид дека станува збор за Јуниорски Евросонг и публика составена од деца и млади.

Се очекува композициите да носат позитивна, емотивна, инспиративна или мотивирачка порака, со текст и музички израз прилагодени на возраста на изведувачот. Песната треба да поседува впечатлива мелодија, силен и препознатлив рефрен, современ продукциски пристап и простор за автентична вокална и сценска интерпретација.
Вокалната линија треба да биде соодветна ìи да овозможи сигурна и уверлива изведба во живо, а самата композиција да има потенцијал за креативна сценска реализација и меѓународна презентација.
Композицијата мора да биде оригинална и необјавена, согласно правилата на Европската радиодифузна унија (EBU).
Текстот на композицијата треба да биде на македонски јазик, односно минимум 60% треба на македонски јазик и максимум 40% може да биде на англиски или друг јазик.

Авторите треба да доставаат:
Демо снимка од композицијата (mp3 или wav формат)
Инструментална верзија на композицијата
Текст на песната
Име и презиме на авторите (музика, текст и аранжман)
Контакт телефон и e-mail адреса
Композициите се доставуваат електронски на адресата:
jescmk@mrt.com.mk

Комисија формирана од Македонската Радио Телевизија ќе ги разгледа сите пристигнати композиции и ќе изврши избор на песна која ќе ја претставува државата на Јуниорски Евросонг 2026. Комисијата го задржува правото да побара дополнителни измени и адаптации на избраната композиција, согласно продукциските и сценските потреби на проектот.

Со поднесувањето на композицијата, авторите потврдуваат дека ги поседуваат авторските права за делото и се согласуваат композицијата да биде користена за потребите на проектот и промотивните активности поврзани со Јуниорски Евросонг 2026.
Пријавувањето за песна е отворено од денот на објавување заклучно со 29.05.2026

**Начин на избор на композиција за Јуниорски Евросонг 2026**

Македонската Радио Телевизија, како носител на лиценцата за Јуниорски Евросонг, ќе формира стручна комисија составена од професионалци од областа на музиката, телевизиската продукција и сценскиот настап, која ќе има задача да изврши избор на композицијата што ќе ја претставува Република Северна Македонија на Јуниорски Евросонг 2026.

Авторските тимови на композициите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат контактирани од страна на МРТ за понатамошна комуникација, евентуални дополнителни доработки и регулирање на условите за соработка.
МРТ конечната одлука за избраната композиција ќе ја објави на својата официјална веб страница по завршување на процесот на селекција од страна на стручната комисија.
Македонската Радио Телевизија го задржува правото на:

Прво јавно изведување на избраната композиција
Снимање, продукција и издавање на композицијата
Радиодифузно емитување и реемитување
Користење на композицијата и придружните материјали за промотивни и телевизиски потреби поврзани со Јуниорски Евросонг 2026
Нарачка на композиции доколку продукцискиот процес тоа го наложува

Материјалите доставени на конкурсот кои нема да бидат избрани, МРТ нема обврска да ги враќа на авторите.

МРТ и Работната група на проектот Јуниорски Евросонг 2026, го задржува правото на измени во текстот или мелодијата, а во согласност со авторскиот тим на победничката композиција, со цел да го издигне квалитетот на финалниот производ.
Во случај на виша сила, во договор со авторскиот тим, МРТ и Работната група на проектот Јуниорски Евросонг 2026, има право да го смени изведувачот и композзицијата и по започнувањето на постапката на реализација на проектот.

**Обврски на организаторот – носителот на лиценца**

1. Организаторот го определува времетраењето на повикот за аудиција во согласност со планот од точка I. По сопствена проценка може да го продолжи рокот на повикот (не и да го скрати) или да го повтори. Измената на рокот треба да биде јавно соопштена на програмите на МРТ.
2. Менаџерскиот тим на МРТ ќе формира комисија од најмалку три члена која ќе го направи изборот на кандидатот (кандидатите) за преставник на МРТ на Јуниорскиот Евросонг 2026 година. Имињата на членовите на комисијата можат да бидат објавени само по завршување на изборот.
3. Во составот на комисијата можат да членуваат и вработени во МРТ.
4. МРТ има обврска да овозможи технички услови за аудицијата.
5. МРТ има обврска да изврши аудио и видео снимање на кандидатите поради сопствена архива и реализација на телевизиски продукт.
6. МРТ не го презема како обврска трошокот за транспорт на учесниците на аудицијата.
7. Избраните кандидати не смеат да бидат во тесна роднинска врска со членовите на комисијата или со членовите на тимот на проектот.

**Начин на подготовка на композицијата и сценскиот настап**

1. Времетраењето на композицијата е определено на 3 минути, а не смее да биде пократко од 2 минути и 30 секунди.

2. Организаторот – МРТ го задржува правото да изврши избор на придружни вокали или танчери кои ќе настапат на Јуниорскиот Евросонг 2026.
3. Авторите на песната (композитор и текстописец) имаат обврска директно да соработуваат со тимот на МРТ за Јуниорски Евросонг 2026 и кандидатот во финалното обликување на песната.
4. Организаторот - МРТ има обврска да ги покрие трошоците за изработка, аранжман и ремастеринг на песната.
5. Организаторот – МРТ има обврска да ги покрие патните трошоци и сместувањето за тимот и сите учесници на сцената на Јуниорскиот Евросонг 2026.

**Етички правила**

Јуниорскиот Евросонг претставува забавна програма за деца. Секој поединец кој директно или индиректно е вклучен во проектот: „Јуниорски Евросонг 2026" има обврска да ги почитува етичките норми и професионалните стандарди.

1. Директните учесници во проектот, односно децата ќе ја добијат неопходната поддршка од секој поединец кој учествува во проектот, исто така, ќе бидат преземени сите потребни мерки за заштита од дискриминација или од каква било дискредитација на децата-артисти.
2. Сите учесници во проектот: „Јуниорски Евросонг 2026" треба да креираат тимска атмосфера меѓу децата кои учествуваат на оваа меѓународна манифестација. Натпреварувачкиот аспект на манифестацијата не треба да се нагласува.
3. Децата – артисти треба да се заштитат од евентуални конфликтни ситуации (дискусии, состаноци).
4. Сите контакти со печатените или електронските медиуми, радиодифузерите треба да ги спроведат на начин кој што ќе обезбеди заштита на децата - учесници од каква било дискредитиција или дискриминација. Шефот на делегација е задолжен за следење на контактот меѓу медиумите и учесниците.
5. Претставникот/претставниците на Јуниорскиот Евросонг треба да имаат сценски настап (костими, шминка, сценски движења) кои соодветствуваат на возраста. Родителите – старателите, сите евентуални забелешки од организаторот во овој контекст треба да ги прифатат.

MAKEDONSKA RADIO TELEVIZIJA
Bul. Goce Del~ev bb 1000 Skopje, Tel. 55 11 798, Faks. +55 14 474
www.mrt.com.mk

**ОПШТА ЗАБЕЛЕШКА**

МРТ како носител на лиценца и организатор на проектот ќе ги преземе сите правни чекори пропишани со закон против сите физички и правни лица кои неоправдано или несовесно ќе се обидат да го дискредитираат овој проект и негативно ќе влијаат врз имиџот на Јавниот сервис.

Подготовката на композицијата и сценскиот настап се одвива во организација на МРТ, во соработка со сите вклучени страни страни (изведувач/и, композитори, текстописци, уметници, кореографи, костимографи и други соработници). При подготовката, се земаат предвид мислењата и предлозите на сите инволвирани страни, со цел постигнување на највисок уметнички и технички квалитет на проектот.

Сепак, МРТ како организатор го задржува ексклузивното право за конечната одлука за сите прашања поврзани со композицијата, сценскиот настап, визуелната презентација и сите други аспекти поврзани со проектот.

Да се достави до:

- Сектор за правни работи и човечки ресурси
- Веб страна на МРТ

Изготвил: Дијана Гогова Одговорен уредник на МРТ5 и Шеф на делегација